## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ XIV – МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ XX ВЕК НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1902-68/17 од 1.3.2018 година донесена на 168. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет во Штип, одржана на 1.3.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање *насловен доцент* за наставно-научната област *македонска книжевност XIV век / македонска книжевност XX век* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

– **проф. д-р Ранко Младеноски**, вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
– **проф. д-р Јасна Котеска**, редовен професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
– **проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска**, редовен професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 14.2.2018 година и во предвидениот рок се пријави само кандидатката Весна Кожинкова, доктор по филолошки науки.

Кандидатката д-р Весна Кожинкова, во согласност со објавениот Конкурс, во предвидениот рок ги достави следниве документи: 1) Диплома за стекнат научен степен доктор по филолошки науки (еден примерок оригинал и три копии заверени кај нотар); 2) Уверение за положени испити на прв циклус на студии; 3) Уверение за положени испити на втор циклус на студии; 4) Кратка биографија; 5) Список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите; 6) Потврда за служење со странски јазик; 7) Препораки од двајца професори; 8) Примерок од докторската дисертација; 9) Уверение за државјанство. Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Весна Кожинкова** е родена во Штип на 23 март 1968 година. Основно и средно образование завршува во родниот град. Образованието го продолжува во Скопје на Филолошкиот факултет, на групата *Историја на книжевностите на народите на СФРЈ* на која дипломира во 1990 година. Своето образование го продолжува кога во 1994 година се запишува на постдипломските студии од областа на македонската книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Работното искуство почнува да го стекнува во ОУ „Димитар Влахов“ во Штип како професор по македонски јазик и литература од 1994 до 2000 година. Од 2000 година е професор по македонски јазик и литература во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ во Штип.

Во 2008 година ја пријавува темата за магистерски труд под менторство на проф. д-р Јасна Котеска. На 15 јуни 2009 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје пред Комисијата во состав: проф. д-р Јасна Котеска, проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска и проф. д-р Ангелина Бановиќ-Марковска со јавна одбрана на магистерскиот труд на тема „*Особините на македонскиот постмодернистички роман во првата деценија на 21 век*“ се стекнува со звање **магистер по филолошки науки**.

Во септември 2009 година ја пријавува својата тема за докторска дисертација под менторство на проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска за која одобрение од Наставно-научниот совет на Филолошки факултет „Блаже Конески“ добива во декември 2009 година. На 18 мај 2015 година на Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје пред Комисијата во состав проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска, проф. д-р Виолета Пирузе-Тасевска, проф. д-р Јасна Котеска, проф. д-р Венко Андоновски и проф. д-р Кристина Николовска со јавна одбрана на докторската дисертација со наслов „*Егејската тема во современата македонска проза низ модалитетите на домовноста*“ се стекнува со звање **доктор по филолошки науки**.

Од 2011 година Кожинкова е претседател на Здружението на просветни работници во Штип во кое е активен чинител во спроведувањето на активностите во функција на унапредување на образованието.

Од 2011 до 2013 година од Државниот испитен центар е ангажирана како надворешен соработник-оценувач на Државната матура по предметот Македонски јазик и литература, а во 2016 година како надворешен соработник-ревизор за прашањата за екстерно тестирање на учениците.

Во текот на својата долгогодишна професорска кариера д-р Весна Кожинкова е дел од повеќе активности кои се во функција на нејзиниот професионален развој: Креативна настава и учење, Подготовка за вработување и работа, Кариерно советување на учениците, Модернизација на образованието, Медиумска култура во средното образование, Примена на современите техники во наставата.

Во рамките на нејзиниот стручен развој за истакнување е податокот дека д-р Весна Кожинкова е рецензент на учебник по македонски јазик и литература за V одделение чиј автор е д-р Јадранка Владова. Рецензент е и на биографското издание „*Матуранти и потоа...*“, коешто се подготвува од страна на штипски гимназијалци по повод 50 години од нивното матурирање.

***1. Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент***

**1.1. Доктор на науки од соодветната научна област:** Весна Кожинкова е доктор по филолошки науки од областа македонска книжевност XX век.

**1.2. Успех од најмалку 8 како просечна вредност на студиите на прв и на втор циклус**: Просечниот успех на д-р Весна Кожинкова од прв циклус студии е 8,10, а просечниот успех од втор циклус на студии е 9,15.

**1.3. Објавени најмалку шест научноистражувачки труда од соодветната област, од кои најмалку четири труда во меѓународни научни списанија или во меѓународни научни публикации:**

| **ТРУДОВИ ВО МЕЃУНАРОДНИ НАУЧНИ СПИСАНИЈА И ПУБЛИКАЦИИ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Години на излегување на публикацијата** |
| 1. | Весна Кожинкова | Концептот ДОМ во романите „Змиски ветер“ и „Рамна земја“ од Ташко Георгиевски и „Снегот во Казабланка“ од Кица Колбе | KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS, Eight International Scientific Conference, Institute of Knowledge menagement, Skopje, 2016, vol. 12.3, pp. 116-120 | VII |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Весна Кожинкова | Библиските цитати во делата на Крчовски и Пејчиновиќ | THE TEACHERS OF THE FUTURE, Ninth International Scientific Conference, Institute of Knowledge menagement, Skopje, 2016, vol. 13.4, pp. 91-95 | VII |
| 3. | Весна Кожинкова | Уметноста како мост за надминување на културните разлики | KNOWLEDGE IN PRACTICE, Eleventh International Scientific Conference, Institute of Knowledge menagement, Skopje, 2016, vol. 15.4, pp. 1579-1584 | VII |
| 4. | Весна Кожинкова | Креативните техники во наставата по литература | KNOWLEDGE International Journal, Institute of Knowledge menagement, Skopje, 2017, vol.19.5, pp. 1819-1824 | VIII |
| 5. | Весна Кожинкова | Космополитизмот во творештвото на Колбе и Лафазановски | Зборник на трудови од I Меѓународна научна конференција ФИЛКО, 2017, v. 1, стр. 409-416 | I |
| 6. | Весна Кожинкова | Силата на Климентовиот дух во раѓањето на новата македонска книжевност | Меѓународна научна конференција „Климентовото дело“ – Зборник, УГД Филолошки факултет и Факултет за образовни науки, Штип, 2017, стр. 117-125 | I |

**1.4. Најмалку 5 години работно искуство по стекнувањето со научен степен магистер од соодветната област:** Д-р Весна Кожинкова магистрирала во 2009 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, а во периодот од 2009 година до денес е вработена како професор по македонски јазик и литература во средното образование (СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ во Штип).

**Приказ на докторската дисертација на кандидатката**

Докторската дисертација на кандидатката д-р Весна Кожинкова со наслов „*Егејската тема во современата македонска проза низ модалитетите на домовноста*“ содржи 211 страници со 104 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси. Трудот е структуриран во 10 глави. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Предмет на истражување на овој труд се концептот *Дом* и модалитетите на домовноста проследени преку примери од современата македонска проза кои ја третираат егејската тема. Како резултат на истражувањата на кандидатката д-р Весна Кожинкова се посочени четири модалитети на домовноста: *Обездомување, Вдомување, Враќање* и *Светот како Дом*. Притоа, евидентно е дека кандидатката владее добар дел од референтната литература од соодветната област.

Во воведот на трудот, кој е воедно и прва глава на трудот, се изложени предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката во овој дел укажува на развојот на македонскиот

современ роман. Ваквиот дијахрониски преглед на тековите на современата македонска проза е во функција на ситуирањето на егејската тема во современата македонска литература како еден посебен тематски комплекс кој малку е истражуван и опсервиран. Во овој дел кандидатката ги поставува модалитетите на домовноста како основни насоки и цели на истражувањето. Насловите на делата, кои се предмет на анализа во понатамошниот тек на истражувањето, ги пронаоѓа од библиографијата на писателите на кои егејската тема им е доминантна. Поради потребата да се посочи историската рамка на конкретната тема, д-р Кожинкова го дава историскиот пресек на настаните кои се случија во Егејска Македонија во споменатиот период, настани кои се директна причина за егзодусот на Македонците од тој дел на Македонија што за последица го има нивното трајно обездомување. Со историска систематичност и точност кандидатот во овој дел детално ги опишува сите промени кои насила се случуваат во Егејска Македонија: етничките промени, насилната асимилација преку насилно воведување на грчкиот јазик во сите сфери на официјална и неофицијална комуникација и замена на личните имиња и топонимите со грчки и теророт кој станува секојдневие. Со оглед на поставената цел на истражувањето, во понатамошниот дел од трудот д-р Весна Кожинкова, во интерес на научниот пристап во истражувањето преку консултирање на референтната литература, прави пресек на најновите и релевантните истражувања во рамките на постколонијалната теорија. Во таа насока, имајќи ја предвид научната мисла преку примери од македонскиот роман со егејска тема, се дискутира за стереотипите кои биле и сè уште се присутни за Македонците од Егејска Македонија, како и за сите идентификатори на нивниот идентитет. Како најсилен таков идентификатор се наметнува *Домот*. Затоа, во трудот за него се говори како за концепт со оглед на фактот дека тој во себе интегрира повеќе значења. Како резултат на тоа, трудот ги анализира четирите модалитети на тој концепт: *Обездомување, Вдомување, Враќање* и *Светот како Дом*.

Во заклучните согледувања преку анализираните модалитети на домовноста се препознава негативното и позитивното искуство на домувањето. Притоа, со оглед на последиците, како негативни модалитети на домовноста се посочени *Обездомувањето*, *Вдомувањето* и *Враќањето*. Единствен модалитет во кој се препознава позитивното искуство од *Домот* и *домувањето* е модалитетот *Светот како Дом*. Тоа поради фактот што човекот како граѓанин на светот може да го реставрира својот *Дом* повеќепати, да го гради, да го пресоздава, да го бара и да го наоѓа постојано и секој нов *Дом* да биде негова нова татковина. Таквото постојано создавање и пресоздавање се остварува само преку доживувања кои ги надминуваат границите на физичкото и тактилното. Токму во тоа е и вредноста на овој труд – во перспективноста на концептот *Дом*.

***2. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

По завршувањето на првиот циклус на студии д-р Весна Кожинкова се вработува како професор по предметот Македонски јазик и литература во Основното училиште „Димитар Влахов" во Штип. По 6 години работно искуство во основното образование преминува на работно место професор по предметот Македонски јазик и литература во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски" во Штип, каде што сè уште работи. Во текот на својата професорска активност, таа е активен чинител на многубројни вонннаставни активности на учениците. Тоа го потврдуваат и приложените сертификати како доказ за вклученост во проект: Креативна настава и учење, Подготовка за вработување и работа, Кариерно советување на учениците (за што се стекна со сертификат за кариерен советник во училиштето во коешто работи), Модернизација на образованието, Медиумска култура во средното образование, Примена на современите техники во наставата. Освен тоа, како потврда за нејзините стручни квалитети во два наврата е ангажирана од страна на Државниот испитен центар како надворешен соработник-оценувач на Државната матура по предметот Македонски јазик и литература, а во 2016 г. како надворешен соработник-ревизор за прашањата за екстерно тестирање на учениците.

Во зимскиот семестар од академската 2017/2018 година е ангажирана како надворешен соработник по предметите *Теорија на методиката по македонски јазик* и *Практика на методиката по македонски јазик* на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип.

Кандидатката д-р Весна Кожинкова објавува научни и стручни трудови во домашни и странски научни и стручни списанија од областа на македонската книжевност и културологијата. Во поголемиот број од нејзините трудови доминантни се темите од македонската книжевност од 19 век, развојот на македонскиот роман и неговите тематски преокупации заклучно со постмодернистичката парадигма и нејзините карактеристики во една временска рамка која се однесува на првата деценија на 21 век, со што евидентен е придонесот во расветлувањето и продлабочувањето на многу современи аспекти на македонската книжевност. Нејзиниот интерес е посебно насочен и кон развивањето на современата настава и примената на сите современи и креативни техники во реализацијата на програмата по предметот Македонски јазик и литература во средното образование. Кон тоа треба да се додаде и дека д-р Кожинкова учествувала на повеќе домашни и меѓународни научни конференции.

Д-р Весна Кожинкова има објавено поголем број научни и стручни трудови што ги наведуваме во продолжение со куса евалуација за секој труд одделно.

**I. Научни и стручни книги (монографии)**

**1. Кожинкова, Весна** (2018). *Македонскиот постмодернистички роман*. Штип, „2-ри Август“. ISBN 978-608-4662-72-3.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се презентирани систематските увиди на најновите тенденции на македонскиот роман на почетокот на 21 век и успешно се нотирани жанровските поместувања во македонскиот постмодернизам од кратките раскажувачки форми карактеристични за 80-тите и 90-тите години на 20 век па сè до создавањето на комплексни романескни форми на почетокот од 21 век со сите нивни специфики. Со тоа овој труд се наметнува како релевантен за македонската наука за книжевноста, затоа што ги бележи најзначајните трендови за македонската проза: доминацијата на биографската фикција паралелно со задржувањето на фолклорните предлошки во романите, како и поигрувањето со границите на дискурсот како контрапункт, но и како дополнување на Борхесовата поетика во македонски контекст.

**II. Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија**

**2. Кожинкова, Весна** (2016). *Концептот ДОМ во романите „Змиски ветер“ и „Рамна земја“ од Ташко Георгиевски и „Снегот во Казабланка“ од Кица Колбе*. KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS, Eight International Scientific Conference, Institute of Knowledge menagement, Skopje, vol. 12.3, pp. 116-120.

**Евалуација на трудот:** Овој труд го разгледува концептот *Дом* на кој современата постколонијална теорија му дава посебно место и значење. Причината за тоа се актуелните и помалку актуелните политички состојби, како и оние кои временски се наоѓаат во некакво минато, но кои никако не се надминати. Тој концепт претставува една своевидна сигнатура на идентитетот, еден негов идентификатор според кој единката најчесто одговара на егзистенцијалните прашања поврзани со човековиот живот и со неговата смисла. Тој е настанат како резултат на потребата на човекот себеси да се доживее и како еден посебен изолиран дел од светот, но и како дел од светот. Токму затоа во концептот Дом е вклучен домот сфатен како физичко место и како место на емоции и припадност. Тоа во себе го вклучува негативното и позитивното искуство на домот и на домувањето. Негативното искуство од Домот е препознато преку експатријацијата, репатријацијата и вдомувањето во нова средина и култура. Единствено позитивно искуство е еден активен принцип на домување кој значи повик за живот, за изградба, потрага по смислата на животот. Тоа е оној тип на бездомништво како ситуација во која единката чувствува дека никаде не е дома, а всушност секаде е дома. Со оглед на тоа дека литературата е местото на конзервирање на сеќавањето, дека е местото во кое се запишани и се запишуваат сите колективни трауми кои во својата историја, по правило, ги има речиси секоја заедница, анализата на концептот Дом е извршена врз примери од романи кои во македонската литература претставуваат еден тематски комплекс познат под името „егејска тема“.

**3. Кожинкова, Весна** (2016). *Библиските цитати во делата на Крчовски и Пејчиновиќ*. THE TEACHERS OF THE FUTURE, Ninth International Scientific Conference, Institute of Knowledge menagement, Skopje, vol. 13.4, pp. 91-95.

**Евалуација на трудот**: Овој труд ги нотира почетоците на новата македонска книжевност во Македонија, која е поврзана со дејноста на првите македонски писатели Крчовски и Пејчиновиќ. Тие се појавуваат во едно специфично време на општествено-политички и културен план. Тоа е времето на почетокот на 19 век кое го означува почетокот на крајот на османлиското владеење. На книжевен и културен план тоа време го означува периодот на македонското просветителство. Иако навидум се забележуваат разлики помеѓу македонското и европското просветителство, сепак во однос на глобалните идеи кои ги има и во едното и во другото, можеме да констатираме дека македонското просветителство е резултат на европскиот тренд кој бил актуелен, речиси, цел век порано. Просветителството е, всушност, идеологија на граѓанската класа која со своите свежи идеи, со вербата во разумот и безграничната доверба во науката и знаењето се обидува да внесе светлина во тајните кои отсекогаш го поттикнувале човековото љубопитство. Литературата која се појавила во тој период, иако скромна по обем и уметнички вредности, е можеби единствениот инструмент со кој може да се стигне до разумот на неукиот човек и да го просветли. А тоа е можно единствено преку лектирата која тој човек елементарно ја владеел и ја познавал. Според постструктуралистичките концепции кои станаа актуелни во 20 век, читателот е просторот каде што се впишани сите цитати, но и просторот каде што се случува интертекстуалната трансакција. Продукцијата и рецепцијата на текстовите настанува преку заеднички кодови на авторот и на читателот и како резултат на тоа границата меѓу авторот, текстот и читателот е свесно деконструирана и тие се обединети во т.н. универзален интертекст. Во негови рамки е воведен поимот пред-текст како вкупност, не само на сите текстови туку и на кодовите и смисловните системи кои се наоѓаат во основата на тие текстови. Како актуелен пред-текст во делата на Крчовски и Пејчиновиќ е Бибијата преку цитати кои, според цитатните сигнали, може да бидат вистински и шифрирани.

**4. Кожинкова, Весна** (2016). *Уметноста како мост за надминување на културните разлики*. KNOWLEDGE IN PRACTICE, Eleventh International Scientific Conference, Institute of Knowledge menagement, Skopje, vol. 15.4, pp. 1579-1584.

**Евалуација на трудот**: Во овој труд се дискутира за начините за надминување на културните разлики. Во најопшта смисла на зборот културата може да се дефинира како човеков производ настанат во текот на историјата и создаван од низа претходни генерации, кој се усвојува и се надградува со секое ново поколение. Таа е обележје на еден народ или на некоја општествена група според што тој или таа се разликува од некој друг народ или од друга општествена група. Така таа станува амблем за едните, а стигма за другите. Процесот на усвојување на културата е долг. Тој процес подразбира користење на придобивките и искуствата на претходните генерации во смисла на создавање на средства за живот и, врз основа на така акумулираното искуство, поттикнување на нови откритија. Понатаму, тој процес вклучува и дефинирање на симболите и значењата во смисла на прифатениот јазик на дадената култура со цел обезбедување на комуникација меѓу членовите на таа култура. И на крај, усвојувањето на културните вредности значи и дефинирање на систем од вредности и на посакуваниот тип на однесување. Низ тој процес биолошката единка ја усвојува културата на општеството во кое е родена. Така, таа е алка во културната трансмисија помеѓу сите претходни и идни генерации. Меѓутоа, она што претставува камен на сопнување во современиот глобален, мултикултурен свет се културните разлики. Уметноста како дел од културата на еден народ е алка во културната трансмисија помеѓу сите претходни и идни генерации. Таа е меѓупростор, односно метафора за границите или за други слични простори кои создаваат асоцијации на една симболична интеракција која создава разлики, но и ги поврзува. Тој меѓупростор е местото каде што се формираат идентитетите при допир на културите. Токму во тоа е и можноста и предизвикот преку уметноста да се реализира тој т.н. „меѓупростор“ каде што културите ќе ги надминат своите разлики. Овој труд ќе ја види и ќе ја препознае таа можност во дискурсот на два романа од македонската современа проза: „Снегот во Казабланка“ од Кица Колбе и „Храпешко“ од Ермис Лафазановски.

**5. Кожинкова, Весна** (2016). *Креативните техники во наставата по литература*. KNOWLEDGE, International Journal, Institute of Knowledge menagement, Skopje, 2016, vol. 19.5, pp. 1819-1824.

**Евалуација на трудот:** Овој труд ги анализира креативноста и интерактивноста како предизвици на современата настава. Тоа се особини кои наставата ја прават различна, интересна, а со тоа и поблиска до учениците. Современата концепција на образованието сериозно го има редефинирано местото на ученикот и наставникот во процесот на учење. За разлика од традиционалната настава која, главно, е ограничена на учебниците и фронталниот начин на работа и во која учениците имаат пасивна улога, современата креативна настава учениците ги претвора во важен субјект во процесот на учење. Наставниците, пак, од главен субјект во традиционалната настава стануваат катализатори на знаењето кои му помагаат на ученикот во организирањето на процесот на учење и во неговите одлуки што ќе учи и како ќе учи. Современата настава е насочена кон ученикот и во неа ученикот треба да биде поактивен од учителот. Поради тоа, таа кај ученикот ја развива способноста за забележување, набљудување, критичко размислување и донесување на логички заклучоци. Примената на креативните наставни техники во образовниот процес е неопходен сегмент во развојот на критичкото мислење. Со нив се поттикнуваат учениците да формираат свои мислења, аргументирано да расправаат за некоја тема, да соработуваат со други ученици во рамките на групата и да дебатираат успешно бранејќи ги своите ставови. Тоа особено важи за наставата по литература и нејзината примарна задача да ги чита и толкува литературните дела. Отвореноста на секое дело кон читателот, но и кон другите текстови, ја поттикнува креативноста на учениците и нивната способност за критичко размислување. Овој труд ја има целта да покаже некои од креативните техники како што се „Бура на идеи“ и „Литературни кругови“, како и улогата и значењето на графичките организатори „Т-табела“ и „Табела на поими“ како многу важен сегмент во визуализацијата во наставата. Нивната применливост во наставата по литература е покажана врз примерот на читање и толкување на романот „Проклета авлија“ од Иво Андриќ.

**III. Трудови во зборници од меѓународни научни конференции**

**6. Кожинкова, Весна** (2016). *Космополитизмот во творештвото на Колбе и Лафазановски*. Зборник на трудови од Првата меѓународна научна конференција ФИЛКО (филологија, култура, образование) одржана во Штип на 18 и 19 март 2016 година, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Македонија, и Воронешки државен универзитет, Русија, стр. 409-416.

**Евалуација на трудот:** Овој труд анализира еден од модалитетите на домот и домувањето, а тоа е космополитизмот. Тој модалитет на домот авторката го препознава во романите „Снегот во Казабланка“ од Кица Колбе и „Храпешко“ од Ермис Лафазановски преку доживувањето на домот на ликовите од романите. Во таквиот космополитизам без корени се препознава еден духовен номадизам кој се карактеризира со доживување кога домот е „секаде и никаде“, како еден активен принцип на домувањето, т.е. негово постојано пресоздавање и способноста на единката да го пресоздава и препознава својот дом ослободен од племенскиот мит. Станува збор за една повеќекратна вдоменост која, пак, од друга страна, значи негирање на домот како простор.

**7. Кожинкова, Весна** (2017). *Силата на Климентовиот дух во раѓањето на новата македонска книжевност*. Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „Климентовото дело“ (конференција посветена на 1100-годишнината од Климентовото упокојување) одржана во Штип на 23 и 24 јуни 2016 година, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Филолошки факултет, стр. 117-125.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се дискутира за вредностите и влијанието што го извршил Климент Охридски како основоположник на македонската литература и култура. Како најдоследен продолжувач на традицијата на своите учители Кирил и Методиј, тој е првиот оригинален писател во македонската литература. Со својата книжевна дејност (пофални слова, поучни слова, беседи, црковни песни), со силата на својата вонредна образованост, со оформувањето на импозантната Охридска книжевна школа, успеа еден народ од мракот на средновековното незнаење да го стави во редот на културно развиените народи. Тој негов подвиг е вистински културен чин кој и ден-денес го привлекува вниманието не само за славистичката наука, туку и за поопшти истражувања и современи осветлувања. Неговото значење е дотолку поголемо што силата на неговиот дух, преку

неговите многубројни дела коишто ги оставил во наследство, извршил силно влијание и врз раѓањето и развитокот на новата македонска книжевност, што хронолошки се поместува во првата половина на 19 век. Тоа е евидентно преку делата на првите македонски писатели кои твореле во тој период, преку нивните поучни слова кои останале во наследство од средновековната традиција. Тука во прв ред би ги спомenале поучните слова на Крчовски и Пејчиновиќ, а не помалку важна потврда за чувањето на култот на св. Климент се и описите кои Џинот ги дал за Климентовиот манастир во Охрид.

**IV. Научни и стручни трудови во домашни списанија**

**8. Кожинкова, Весна** (2011). *Модели на биографски фикции во македонскиот постмодернистички роман*. Литературен збор, Скопје, бр. 1-6, стр. 157-168.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд е извршена анализа на поджанрот биографска фикција во рамките на македонскиот постмодернистички роман, а кој настанал како резултат на комбинирањето на биографијата и романот. Преку споредба на биографскиот интертекст и биографскиот текст на романите „Сестрата на Сигмунд Фројд“ од Гоце Смилевски и „Заклученото тело на Лу“ од Оливера Ќорвезироска е измерен степенот на интертекстуалните показатели, референцијалноста и густината на шифрираните цитати, типот на комуникациската врска меѓу двата романа, авторефлексивноста, интегрирањето на еден или на повеќе преттекстови, помалку или повеќе нагласената селективност на интертекстуалните показатели и степенот на идеолошката напнатост и дијалошката отвореност меѓу стариот, новиот и евентуалниот иден контекст.

**9. Кожинкова, Весна** (2015). *Метатекстуални модели во македонскиот постмодернистички роман*. Литературен збор, Скопје, бр. 1-3, стр. 127-140.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се анализира метатекстуалноста како еден од белезите на постмодернистичкиот роман. Таа особина во трудот е проследена врз романите „Опишувач“ од Ермис Лафазановски и „Ѕиркачот“ од Александар Прокопиев. Заедничко за нив е што раскажувачот јасно ја покажува свеста за раскажувањето низ процесот на раскажување. Тие се интересни и од наратолошки аспект, бидејќи отвораат неколку наратолошки проблеми: односот меѓу фактицијата и фикцијата, односот меѓу нараторот и приказната што ја раскажува и друго. Во трудот се врши анализа на автореферентните единици во кои нараторот настапува од позиција на писател и автореферентни единици во кои нараторот настапува од позиција на книжевен критичар. Така, опишани се два модела на мета-романи. Разликата меѓу нив се следи врз основа на неколку показатели: начинот на кој е обезбедена вистинитоста, позицијата на раскажувачот и неговата константност, односот кон реалистичните конвенции лик и фабула, хронолошко/ахронолошко сиже, психолошки/апсихолошки модел на нарација.

**10. Кожинкова, Весна** (2016). *Фолклорниот интертекст во „Сердарот“ од Григор Прличев*. Литературен збор, Скопје, бр. 1-3, стр. 61-69.

**Евалуација на трудот:** Овој труд ги истражува интертекстуалните врски на поемата „Сердарот“ од Григор Прличев со фолклорот. Внимателното читање на текстот кај читателот побудува редица асоцијации кои поемата ја врзуваат за македонската фолклорна традиција. Со оглед на отвореноста на текстот кон другите текстови, трудот истражува два критериума на ограничување меѓу текстот и преттекстот: густината и интензивноста на интертекстуалните односи и бројот на преттекстовите кои се во оптек и степенот на интегрираноста на стариот текст во новиот текст. Во однос на првиот критериум, посочени се фолклорните позајмувања во „Сердарот“: мотивот на поемата, сонот на Неда, тажачките, обичаите на капење и облекување на мртовецот, мотивот на обесмртување на јунакот, како и употребата на традиционални поетски средства. Преку вториот критериум авторката заклучува дека поемата „Сердарот“ и народната песна за Кузман Капидан се во семантичка и идеолошка поврзаност. Тие се дијалошки поставени еден наспроти друг. Таквата поставеност произлегува од фактот што поемата не е верен превод на стариот текст во некаков нов контекст, туку таа според содржината и структурата претставува негово реинтерпретирање од нови и различни позиции.

**V. Учество на меѓународни научни конференции во земјава**

**11. Кожинкова, Весна** (2016). Прва меѓународна научна конференција ФИЛКО (филологија, култура, образование) одржана во Штип на 18 и 19 март 2016 година, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Македонија.

**Евалуација на излагањето:** На оваа конференција кандидатката д-р Весна Кожинкова учествуваше со излагање на тема „*Космополитизмот во творештвото на Колбе и Лафазановски*“. Во текот на секциското предавање се анализираше еден од модалитетите на домот и домувањето, а тоа е космополитизмот како една повеќекратна вдоменост. Трудот е објавен во Зборникот на трудови од конференцијата.

**12. Кожинкова, Весна** (2016). Меѓународна научна конференција „Климентовото дело“ (конференција посветена на 1100-годишнината од Климентовото упокојување) одржана во Штип на 23 и 24 јуни 2016 година, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Македонија.

**Евалуација на излагањето:** Кожинкова на оваа конференција имаше излагање на тема „*Силата на Климентовиот дух во раѓањето на новата македонска книжевност*“. Притоа, особено беа нагласени вредностите и влијанието кое го извршил Климент Охридски како основоположник на македонската литература и култура во раѓањето на новата македонска книжевност, поточно врз делата на првите македонски писатели Крчовски и Пејчиновиќ. Трудот е објавен во Зборник на трудови од конференцијата.

**13. Кожинкова, Весна** (2017). Меѓународна славистичка конференција, 15-16.6.2017 година, Скопје, Република Македонија.

**Евалуација на излагањето:** На оваа меѓународна конференција Кожинкова имаше излагање на тема „*Екстаза од (не)познатото*“. Апликативниот материјал на излагањето е земен од романот на чешкот писател Милан Кундера „Незнаење“ во кој тој ја отвора централната тема за секој егзилант – приказната за Големото враќање. Во своето излагање таа посебно го потенцираше негативното искуство на *домот и домувањето*, т.е. диспропорцијата помеѓу човекот и домот. Зборникот од конференцијата е сè уште во подготовка.

**VI. Учество на меѓународни научни конференции во странство**

**14. Кожинкова, Весна** (2016). KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS, Eight International Scientific Conference, Institute of Knowledge menagement, 8-10. 4. 2016 година, Банско, Бугарија.

**Евалуација на излагањето:** На оваа меѓународна конференција Кожинкова даде свој придонес со секциското предавање (излагање) на тема „*Концептот ДОМ во романите ‘Змиски ветер’ и ‘Рамна земја’ од Ташко Георгиевски и ‘Снегот во Казабланкав од Кица Колбе*“, што подоцна е објавена во списание од трудови од конференцијата. Во текот на излагањето Кожинкова концизно ги претстави своите согледби за концептот ДОМ, при што, меѓу другото, нагласи дека анализата е извршена врз примери од романи кои во македонската литература претставуваат еден тематски комплекс познат под името „егејска тема“.

**15. Кожинкова, Весна** (2016). THE TEACHERS OF THE FUTURE, Ninth International Scientific Conference, Institute of Knowledge menagement, 17-19. 6. 2016 година, Драч, Албанија.

**Евалуација на излагањето**: На оваа меѓународна конференција кандидатката учествуваше со излагање на тема „*Библиските цитати во делата на Крчовски и Пејчиновиќ*“. Преку една опсежна анализа таа ја покажа врската на делата на првите македонски писатели со Библијата преку нотирање на вистинските и шифрираните цитати. Трудот подоцна е објавен во Зборник на трудови од конферецијата.

**16. Кожинкова, Весна** (2016). KNOWLEDGE IN PRACTICE, Eleventh International Scientific Conference, Institute of Knowledge menagement, 16-18. 12. 2016 година, Банско, Бугарија.

**Евалуација на излагањето:** На оваа меѓународна научна конференција кандидатката учествуваше со секциско излагање на тема „*Уметноста како мост за надминување на културните разлики*“. Во овој труд кандидатката дискутира за начините за надминување

на културните разлики. Притоа, акцентот е ставен на фактот дека уметноста како дел од културата на еден народ е алка во културната трансмисија помеѓу сите претходни и идни генерации. Апликативниот материјал со кој се потврдува зададената теза се романите „Храпешко“ од Ермис Лафазановски и „Снегот во Казабланка“ од Кица Колбе. Трудот е објавен во Зборник на трудови од конференцијата.

17. Кожинкова, Весна (2017). Fourteenth International Scientific Conference, Institute of Knowledge menagement, 29.9 – 1.10.2017 година, Агиа Тријада, Грција.

**Евалуација на излагањето:** На оваа конференција Кожинкова зеде учество со излагање на тема „*Креативните техники во наставата по литература*“. Во ова излагање беа анализирани креативноста и интерактивноста како предизвици на современата настава. Во своето излагање Кожинкова посебно се задржа на некои од креативните техники. Нивната применливост во наставата по литература е покажана врз примерот на читање и толкување на романот „Проклета авлија“ од Иво Андриќ. Трудот е објавен во Зборник на трудови од конференцијата.

***3. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката д-р Весна Кожинкова во текот на својата долгогодишна кариера како професор во средното образование учествувала во голем број активности (меѓу кои и еден проект) од областа на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, а сето тоа се потврдува со приложената документација, односно со соодветни сертификати.

**VII. Учество во стручно-апликативни проекти**

**18. Кожинкова, Весна** (2012-2016). *Подготовка за вработување и работа*. Проект организиран од USAID, YES мрежа и Министерството за образование и наука на Република Македонија.

**Евалуација на учеството во проектот**: Во рамките на овој проект кандидатката се стекнала со вештини од следниве модули: Личен развој, Соодветно однесување на работно место, Тимска работа и лидерство, Вештини за барање работа, Безбедност, права и обврски на работа и Вештини за раководење со финансии. Како дел од проектот, кандидатката следела *Обука за јавно говорење* (2013) во чии рамки стекнала вештини од следниве модули: Трема, Комуникација со публика, Говорна порака, Изјава, Говор на телото, Активно слушање и Давање и примање фидбек. Во проектот *Подготовка за вработување и работа* се организирани серија обуки за кариерно советување. Од приложената документација се гледа дека Кожинкова била дел од тие обуки и стекнала вештини од следниве модули: Вовед и насоки во кариерното советување, Кариерен план, Индивидуално и групно советување, Кариерно советување во средното образование, Кариерно информирање за пазарот на трудот, Етички норми и справување со разлики и Работа со родители. Тоа го потврдува со Сертификат за стекнати вештини за *кариерен советник* (2013).

Покрај учеството во наведениот проект, д-р Весна Кожинкова во зимскиот семестар од академската 2017/2018 година е ангажирана како стручно лице од пракса по предметите *Теорија на методиката по македонски јазик* и *Практика на методиката по македонски јазик*. Исто така, од 2010 година Кожинкова е наставник-ментор на студентите од Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за кандидатката, членовите на Рецензентската комисија со огромно задоволство заклучуваат дека д-р Весна Кожинкова во целост ги исполнува сите суштински и законски критериуми за избор во насловното звање насловен доцент предвидени со Законот за високото образование, со Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (Универзитетски гласник бр. 33 од јуни 2015 година). Имено, како што може да се види од предочените факти погоре, д-р Весна Кожинкова има наставно искуство во основното и во средното образование, како и учество во повеќе стручно-апликативни активности. Во текот на професионалниот развој може да се констатира и нејзиниот перманентен научен подем што може да се види од трудовите објавени во стручни списанија, во меѓународни научни списанија и публикации, како и авторство на една книга. Кон тоа треба да се приложи и активното учество на кандидатката на меѓународни научни конференции. Сето тоа покажува дека кандидатката д-р Весна Кожинкова постигнала завидни резултати.

Имајќи ги предвид предочените факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го усвои овој извештај и **кандидатката д-р Весна Кожинкова да биде избрана за наставник во насловното звање** ***насловен доцент*** **за наставно-научната област** ***македонска книжевност XIV век / македонска книжевност XX век.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ранко Младеноски, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Д-р Јасна Котеска, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Весна Мојсова-Чепишевска, редовен професор, член, с.р.**

## ПРИЛОГ 1

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Монографија или научна книга **Труд под ред. бр. 1.** | 1 | 10 | | | 10 |
| 2. | Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија (прв автор) **Трудови под ред. бр. 2, 3, 4, 5.** | 4 | 9 | | | 36 |
| 3. | Трудови во зборници од меѓународни научни конференции **Трудови под ред. бр. 6 и 7.** | 2 | 2 | | | 4 |
| 4. | Научни и стручни трудови во домашни списанија **Трудови под ред. бр. 8, 9, 10.** | 3 | 3 | | | 9 |
| 5. | Учество на меѓународни научни конференции во земјава **Активности под реден број: 11, 12, 13.** | 3 | 2 | | | 6 |
| 6. | Учество на меѓународни научни конференции во странство **Активности под реден број: 14, 15, 16, 17.** | | | 4 | 4 | 16 |
| 7. | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| 8. | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| | **ВКУПНО НИ + СУ** | **93** | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Учество во научен проект **Активност под реден број 18** | 1 | 5 | | | **5** |
| | **ВКУПНО СА + ОР** | **5** | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **98** | | | | |